Бр./Nr 12-1825/2

16-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1825/1 од 27.06.2025 година, со наводи за непостапување по службена должност на лице вработено во Министерството за -------------- ----------- -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување за предметниот случај и предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Предметот со број 12-1825/1 од 27.06.2025 година, да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.06.2025 година, до ДКСК е доставена пријава и оформен е предмет број 12-1825/1 од 27.06.2025 година.

Во доставената пријава изнесени се наводи со сомнение за злоупотреба на службената положба како и сторени коруптивни дејствија од страна на ------------ -------- службеници вработени во Министерството за ----------- ------------------- на РСМ. Дополнително, наведено е дека предметната пријава е доставена до Министерството за внатрешни работи - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување за предметниот случај односно, нема надлежност да врши надзор и контрола над постапувањето на овластени службени лица вработени во Министерството за ---------- ----------- во делот на постапување по конкретни пријави и предмети, а предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б, член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата